го принципиелен во согласност со политиката на нашата народна власт, со настојувањата да се остваруваат сите оние задачи што водат кон социјализам, кои водат кон зачувување на мирот во светот и зацврстување на меѓународната соработка...“

И покрај многубројните обврски што другарот Тито ги имаше како активен државник, тој секогаш наоѓаше време за средби и разговори со новинарите, особено кога тоа го бараше актуелниот политички момент или, пак, кога новинарството ја чувствуваше потребата за негова порака и поддршка. Тито ја користеше секоја прилика да проговори за улогата и значењето на информативните средства. Притоа тој укажуваше на успесите, но и на она што не чини во оваа дејност, а со тоа даваше насоки како да се работи. Така, во разговорот со новинарите на редакцијата на „Комунист“, на 11 април 1959 година, а по повод 40-годишнината на СКЈ, меѓу другото, истакна: „Треба повеќе да се пишува за самата практика, за нашите искуства и за тоа какви тешкотии имаат комунистите и другите наши луѓе на теренот, со што сè тие се судираат во борбата за нови социјалистички односи. За тоа треба да се пишува, зашто практиката е најдобра животна школа“.

Титовите укажувања и пораки, содржани во оваа книга остануваат наша трајна обврска во услови кога се води борба за натамошен развој на системот на јавното информирање и со право од него се очекува особен придонес во развивањето на придобивките на револуцијата, во нејзиното натамошно продолжување и продлабочување. Затоа излегувањето на оваа книга, во која, покрај изборот на текстовите и поместувањето на повеќе фотографии од средбите на Тито со новинарите, е даден сумарен преглед на борбените гласила на револуцијата, претставува значаен издавачки потфат и овозможува целосно запознавање со мислата и делото на другарот Тито во сферата на јавното информирање и масовното комуницирање. Како таква книгата, всушност, е своевиден прирачник, непосреден инспиратор за револуционерната акција на работните луѓе и граѓаните и посебно за оние на кои пишаниот збор и инфомирањето им се животна определба и општествена обврска.

(Д. П.)

## МИНХЕНСКИОТ ДОГОВОР И ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ И ЧЕХОСЛОВАЧКИТЕ НАРОДИ, СКОПЈЕ 1980

Трудот „Минхенскиот договор и југословенските и чехословачките народи“, што излезе во издание на Институтот за национална историја во Скопје, претставува всушност зборник на трунови поднесени на симпозиумот по повод 40-годишнината на Минхенскиот договор, кој, во организација на Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија, Југословенско-чехословачката историска комисија, Катедрата за историја при Филозофскиот факултет

и Институтот за национална историја, се одржа од 5 до 9 октомври 1978 година во Скопје.

Зборникот донесува 22 прилога, од кои пет се од чехословачки автори. Во трудовите се осветлени многубројни аспекти во врска со проблемите и прашањата поврзани со Минхенскиот договор и внатрешната и надворешната политика на тогашната Чехословачка република и Кралството Југославија. Посебно внимание е посветено на меѓународните аспекти на минхенската криза која претставуваше почеток на трагедијата на чехословачкиот народ и крај на изгледите за мирен развој на односите меѓу народите во Европа.

Трудот ги донесува следните прилози: д-р Тодор Стојков, Општествено-економските прилики во Југославија во времето на Минхенскиот договор; Вацлав Крал, Чехословачката надворешна политика и Минхен 1938; д-р Живко Аврамовски, Ставот на југословенската влада спрема Минхенскиот договор; д-р Данчо Зографски, Третиот рајх и македонското прашање во времето на Минхенската криза; Ладислав Деак, Чехословачко-југословенските односи во времето на Минхен; проф. Славка Фиданова, Прогресивните сили во Македонија во времето на Минхенската спогодба; Франце Филипиќ, Чехословачката криза и Словенците; д-р Јован Р. Бојовиќ, Одгласот на Минхенската спогодба во црногорскиот печат; м-р Урош Недимовиќ, Подршка на народнофронтовските сили во Босна и Херцеговина на Чехословачката република (1937—1938); д-р Миле Тодоровски, Работничкото и синдикалното движење во Македонија во периодот на губењето на независноста на Чехословачка; Тоне Зорн, Нацизмот и словенечкото малцинство во австриска Корушка во летото на 1938; д-р Јозеф Харна, Комунистичката партија на Чехословачка во борба против Минхен; д-р Вук Винавер, Југословенската влада и политиката на неспротивставување на нацистичкото разбивање на Чехословачка; д-р Душан Лукач, Местото и улогата на судетските Германци во слабеењето на Чехословачката република; Херта Ткалчекова, Словачка и Минхен; д-р Петар Милосављевиќ, За некои аспикти на дејноста на КПЈ во периодот на Минхенската криза; д-р Душан Бибер, Британците за Стојадиновиќ и Минхен; д-р Бранислав Вранешевиќ, Младината во Војводина во борба против фашизмот и Минхенскиот диктат; Александар Касаш, Војводинската јавност и Минхенскиот договор; Никола Петровиќ, За Минхенската криза по чениriесет години, врз основа на сеќавањата и нови документи, Мирослав Тејхман, Чехословачката емиграција во Југославија по Минхенската криза, и д-р Мирослав Стипловшек, Одѕивот на Минхенскиот договор во словенечкиот клерикален и либерален печат.

Внатрешните прилики во Југославија во времето на Минхенската криза се карактеризирале со општа политичка и социјална криза која постојано се продлабочувала. Граѓанските партии се наоѓале во процес на распаѓање и политичка дезориентација. Соочен со сè поостри национални и социјални спротивности, режимот започнал политика на јакнење на економските и политичките врски и односи со Германија. Постојано-

то зголемување на издатоците од националниот доход за воени цели доведе до влошување на економско-социјалната положба на трудбениците и до нараснување на антифашистичкото расположение на широките народни маси.

Политиката на југословенските владејачки кругови во деновите на Минхенската криза оквалификувана е како издајничка. Капитулантското држење и улогата на југословенската буржоазија имале за резултат влошување на внатрешната и надворешно-политичката положба на земјата. Независноста и безбедноста на Југославија и нејзиниот опстанок како државна целина биле доведени во прашање. Неспособна да се зафати со решавањето на основните прашања. пред сѐ на аграрното и националното решавање, поради што државната заедница на југословенските народи — Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, беше потресувана од остри национални и социјално-класни спротивности уште од првиот ден на своето создавање, југословенската реакционерна буржоазија, во настојувањата да ги зачува своите класни позиции. тргнала во отворено предавство на својот сопствен народ и земја.

Разгледувајќи го македонското прашање во балканската политика на Третиот рајх во времето на Минхенскиот договор, професорот д-р Данчо Зографски подвлекува дека нацистичките властодршци во својата европска стратегија постојано го имале предвид Балканот и ниту во еден момент не престанале да манипулираат со македонското прашање за остварување на плановите на германска експанзија и доминација. Истовремено зајакнале и економските интереси на Хитлерова Германија за балканското подрачје, кои се изразувале во настојувањата за експлоатација на природните богатства и извоз на капитал, при што во рамките на овие зафати Југославија и подрачјето на Македонија имале значајно место. Стоковниот промет меѓу Југославија и Германија бележел постојан пораст. Југославија била претворена во лиферант на суровини за груманското стопанство.

Долга низа години „француски сателит", Југославија посебно ја напуштале француската „орбита" и во деновите на чехословачката криза, 1938 година, зазела „неутрална" позиција, која значела всушност помош на Германија. Настапило влошување на југословенско-чехословачките односи кое прераснало во отворена криза. Таквата политика на владејачкиот режим ја влошиле меѓународната положба на Југославија и ги оживеале бугарските барања за ревизија на границите и напорите на Бугарија за разградување на солидарноста и пријателството меѓу балканските држави, кое поради претензиите спрема Македонија никогаш и не беше искрено,

Комунистичката партија на Југославија, станувајќи значајна политичка сила под раководството на Јосип Броз Тито, токму во овие години вршела силно влијание не само на расположението на масите туку и на политичките збиднувања. Основа на надворешно-политичката линија на КПЈ во овој период претставувала борбата против фашизмот ,борбата за соработка на сите прогресивни и демократски сили. Партијата вршела мобилизација на партис-

кото членство и на сите демократски и партиски сили за отпор против фашистичката опасност и за одбрана на независноста на земјата. Во овој поглед во повеќе прилози е подвлечено особено улогата и активноста на Сојузот на комунистичката младина на Југославија и на сите напредни младински организации. Партијата ги повикувала југословенските народи на будност и спремност да ја бранат својата загрозена независност.

Проследувајќи ја активноста на прогресивните сили во Македонија во периодот на минхенската криза, професорот Славка Фиданова истакнува дека за напредните сили во Македонија со Минхенскиот договор била доведена во прашање не само независноста на Чехословачка туку и независноста на југословенските народи. Одбраната на границите на Чехословачката република напредните и патриотските сили во Македонија ја разбрале како одбрана и на границите на Југославија. Прогресивната општествево масовното пријавување на до-
се солидаризирала со народот на Чеохсловачка. Солидарноста со чехословачкиот народ се изразувала, покрај другото, и во собирањето на материјалната помош и во масогното пријавување на довисноста на Чехословачка.
броволците за одбрана на неза-

Борбата на чехословачкиот народ за одбрана на својата сопствена слобода и независност и на демократијата во светот укажала силно влијание врз прогресивните сили и во останатите југословенски земји. Франце Филипиќ подвлекува дека во Словенија тоа влијание се изразувало особено во зголемувањето и интензивирањето на барањата за демократизација на политичкиот систем во земјата. Словенечките комунисти постојано укажувале на опасноста која му се заканувала на словенечкоот и останатите југословенски народи од германскиот и италијанскиот фашизам и од реакционерните сили во земјата, наедно истакнувајќи дека попуштањето пред внатрешната и меѓународната реакција би значело самоубиство за словенечкиот народ. Во широките слоеви на народот во времето на чехословачката криза целосно преовладало сознанието дека ослободувањето на словенечкиот и останатите југословенски народи можат да му донесат само демократските сили на чело со работничката класа.

Интернационалистичката солидарност на народноослободителните сили во Босна и Херцеговина со чехословачкиот народ, истакнува во својот прилог Урош Недимовиќ, дошла до силен израз особено преку активноста на прогресивнаат студентска младина. По повод потпишувањето на Минхенскиот договор во септември 1938 година. Југословенско-чехословачката лига во Сараево и комунистите и антифашистичката младина организирале протестни демонстрации во повеќе места. Младината на Војводина, пишува д-р Бранислав Вранешевиќ, исто така решително станала во борба против фашизмот и Минхенскиот договор. На чело на младинското движење, кое ја опфаќало сета работничка, селска, студентска и средношколска младина, стоеле комунистите. На страната на чехословачкиот народ

застанала сета прогресивна јавност на Војводина. Огромното мнозинство на црногорското јавно мислење, истакнува д-р Јован Бојовиќ, исто така станало во заштита на чехословачката држава и настапило против фашистичко-нацистичката експанзија.

Покрај разгледувањето на внатрешната и надворешната политика на Чехословачката република и југословенско-чехословачките односи во времето на минхенската криза, во трудовите на авторите од Чехословачка посебно место зазема прашањето за држењето и улогата на прогресивните сили во Чехословачка во борбата за запазување на нејзината целост и самостојност. Вацлав Крал подвлекува дека Комунистичката партија на Чехословачка била уште од почеток на чело на борбата за создавање единствен народен фронт против фашизмот, изграден врз основа на сојуз со сите демократски, прогресивни и патриотски сили.

Објавувањето на прилозите поднесени на симпозиумот „Минхенскиот договор и југословенските и чехословачките народи" бездруго значи збогатување на нашата историографија со уште еден значаен труд. Соопштувајќи ги најновите резултати од своите истражувања, југословенските и чехословачките историчари фрлаат нова светлина врз низа прашања и проблеми поврзани со Минхенскиот договор, како значајна етапа кон идните судбоносни настани за народите на двете земји. Освен тоа што во повеќе трудови се разгледуваат приликите и положбата во Македонија и нејзиното место во развојот на меѓународните настани, овој труд значи истовремено и афирмација на достигањата на нашата историска наука.

Р. Х.